| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Лет, лет буба маро |
| **Содржина на денот** | Пролет мила |
| **Возраст** | 2-3години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Здравје и безбедни навики - разговор и потсетување за безбедносните мерки за зачувување на здравјето (физичко растојание често миење на раце итн). |
| **Активности** | Со помош на слика или сликовница запознајте го детето со главните карактеристики на годишното време пролет. Разговарајте за времето во пролет, будењето на животните, инсектите и птиците преселници.<br>Поттикнете го активниот говор кај детето и охрабрете го да научи кратка стихотвораба за пролетта.<br>Пред да почнете да ја учите стихотворбата направете неколку вежби за правилно дишење кој што ке го поттикнат правилниот изговор кај детето (дувајте како да гасите свекички на торта за роденден, како да дувате балони, вдиши- издиши и др.).<br><br>ПРОЛЕТ МИЛА<br>Птица пее, топло сонце грее,<br>птица лета, кокичето цвета.<br>пролет мила дојде<br>шарена и цветна<br>еве и првата ластовичка летна. |